РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр. 20-168/32
27-12-2016 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Скопје, декември 2016 година

Врз основа на член член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14 и 27/16) директорот на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права

### Член 1

Во Правилникот за внатрешна организација на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права број 20-154/2015-1 од 10.06.2015 година, во член 6 во ставот 4 по точката 1 се додава точка 2, која гласи:

„2. Одделение за финансиски прашања"

.

### Член 2

Во табеларниот преглед на работните места, по членот 8 се додава нов поднаслов со нов член 8-а кој гласи:

„II/3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Во Одделението за финансиски прашања се вршат следните работи и задачи:

-координирање процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;

-вршење работи кои се однесуваат подготвување, изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план во делот на финансиите ;

-давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;

-изготвување на план за воспоставување на финасиското управување и контрола, како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува министерот;

-следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;

-давање мислење по водење евиденција за состојбата на жиро-сметката на Бирото и за користење на средства по позиции;

-подготвување на извештај за реализирани програми, проекти и договори;

-подготвување на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;

-подготвување на Годишниот финансиски извештај согласно Законот за јавна внатрешна контрола.

-контрола на извршувањето на буџетот;

-контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола);

-следење на реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведување ex ante и ex post финансиска контрола-вршење документирана контрола на комплексноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и др. и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки);

-контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред пеземањето на обврските.

-спроведување на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финансискиот план и подготвувањето на годишна сметка (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, контролиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи);

-сметководствено евидентирање на основните средства на субјектот, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски;

-изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Министерството и неговите органи во состав и единките корисници согласно законските прописи;

-ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето, согласно пишаните процедури за сметководствените процеси;

-секојдневно водење на благајнички работи и трезор; "

Член 3

Согласно извршените измени и дополнувања со овој правилник, извршени се измени и дополнувања и во органограмот на Бирото, како составен дел на Правилникот.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 20-168/38

27-12-2016 2016 година

Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП
м-р Костадин Богданов


ДИРЕКТОР
Сектор за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Одделение за човечки ресурси и други административни работи
Одделение за финансиски прашања
Одделение за застапување на предмети против Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Одделение за извршување на поединечни и општи мерки по одлука на Европскиот суд за човекови права